*МАКЕДОНИЈА СЕПАК ЌЕ ОДИ НА ВЕНЕЦИЈАНСКОТО БИЕНАЛЕ*

# Проектите се на Искра Димитрова и на Небојша Виликј

**● Организатор на приватниот проект е Студиото „Asypa“ на Красимир Трајков, кое исто така ќе се претстави со издание од серија коверти. – „Прекрасните суштества“ на Димитрова е ковчег кој ќе се вози во гондола, а книгата на Виликј содржи 31 проект на исто толку уметници**

Проектите се на Искра Димитрова и на Небојша Виликј.

По изјаснувањето на државата дека нема средства за презентирање на Македонија на претстојното 48. Венецијанско биенале, најдено е решение, макар и неофицијално, нашата земја да се најде на најпрестижната ликовна манифестација во светот годинава. Приватниот проект се разликува од државниот во тоа што нема да биде застапен во каталогот на 48. Венеција.

Уметниците Искра Димитрова, Небојша Виликј и Студиото „Asypa“, по пат на самофинансирање и спонзорство, ќе ја претставаат Македонија со проектот на Димитрова „Creature meravigliose“ книгата на Небојша Виликј „Few Candies for Venice. Art in Macedonia at the end of Millenium“ и „Коверт на првиот ден“ на Студио „Asypo“.

Проектот на Димитрова се содржи од изведба и пренесување на мртовечки ковчег со гондола на релацијата Џардини-Сан Марко-Џардини и додека вози гондолиерот, авторката ќе говори текст. Целата површина на гондолата е покриена со огледало во кое се огледува небото над Венеција. Изведбата ќе се одвива од 9 до 13 јуни. Книгата на Виликј е заеднички „каталог“ и зборник на текстови на и за уметноста во Македонија во последните неколку години. 31 индивидуален проект на исто толку уметници се во форма за 31 каталог со по една репродукција во боја. Проектот „Коверт на првиот ден“ е филателистички потфат – два пригодни коверта по повод одржувањето на двата проекта, како издание во серијата. Првиот човек на Студиото „Asypa“, Красимир Трајковски, в петок на 4 јуни во 12 часот, практично во „пет до дванаесет“, закажа конференција за печат во кафето „Штрк“, на која ќе бидат промовирани проектите за 48. Венеција.

С. Ѓуровска